РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-553/13
22.07. 2025 год
ПЕХЧЕВО

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје Shkup

| Примено: Pranuar: | 24-07-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност Vlera: |
| | | | |

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 05/2002 и службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), член 50 став 1 алинеа 7 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник на Општина Пехчево бр. 03/21) Градоначалникот на општина Пехчево донесе

# ОДЛУКА
## За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. За извршител на работно место -УПР0101В04 - Помлад соработник, работно место: Помлад соработник за урбанизам, во одделение за урбанизам, комунални дејности и животна средина се избира кандидатот Маја Багашовски со идентификациски код 98FCC28.

2. Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работно место по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување и распоредување.

3. Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

По барање на општина Пехчево на ден 06.06.2025 година Агенцијата за администрација објави јавен оглас број 428/2025 на својата интернет страница како и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" за вработување на еден административен службеник на работно место УПР0101В04 помлад соработник работно место помлад соработник за урбанизам во Одделение за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина.

Со решение за формирање на комисија за вработување по јавен оглас број 428/2025 од страна на Агенцијата за администрација е формирана е комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување по објавениот јавен оглас.

Комисијата за селекција на ден 27.06.2025 година во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција при што утврди дека на огласот се пријавиле 03 кандидати од кои 02 уредни и 01 неуредни кандидати.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас 428/2025 на ден 11.07.2025 год. во 11:00 часот спроведе испит за административен службеник, а на ден 15.07.2025 спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју. Интервјуто за административен службеник се одржа со 1 (еден) уреден кандидат согласно записник бр. 10-1256/6 од 15.07.2025.

Согласно со добиените бодови од административната селекција, испитот и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и достави Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работното место број 1 по јавен оглас број 425/2025 заведени под број 10-1256/7 од 18.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна Поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил Марија Ризовски

Општина Пехчево

Градоначалник

Александар Китански

Доставено до
Именуваната,
Агенција за администрација,
Одделение за човечки ресурси,
Архива,